9516 е

PRES-SERVIS
NOVINSKO-IZDAVAČKO PREDUZEĆE SAVEZA NOVINARA JUGOSLAVIJE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION OF YUGOSLAV JOURNALISTS
BEOGRAD — Knez Mihailova 2/X — Pošt. fah 842
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account 608-1-251-1

SLUŽBA DOKUMETACIJE
CLIPPING SERVICE

Isečak iz lista
Newspaper cutting

ЖУРНАЛ
Скопје

19. IV. 1969

г. 66, ст. 31

Изложби

# БОГАТА И РАЗНОВИДНА СТРУКТУРА

Скулпторот Петар Хаџи — Бошков ни нуди графика со своја автономна вредност. Но тој исто така ја дополнува на најубавиот од можните начини, преставата за еден долготраен напор да се оствари специфичен реципротитет меѓу формата и просторот, што ја карактеризира неговата скулптура. Просторот е главната тема на ова пасионирано но истовремено и дисциплинирано истражување.

Линорезите во боја се пред се диликатно ловење на односите меѓу апстракната основа и цврстата конструкција што го гради просторот. Вистинската лирска игра со просторот го добива своето вистинско значење во монолитографиите како што ги наречува Хаџи — Бошков. Тоа се циклуси кои настојуваат одредена тема да биде максимално развиена. Главните нешта што го истражуваат овие монолитографии се светлината и движењето. Од овие два битна елимента произлегува и целиот склоп од односи, материјата и сугестиите што таа во своето движење ги остварува.

На прв поглед може да се стори дека се работи за една изедначена постапка, но листовите на Хаџи — Бошков поседуваат богата и разновидна структура. Просторот и елементите што го дефинираат се развиваат во различни правци, добиваат разновидни облици, еднаш остро и строго засечени другпат барокно извиени и прекршени. Во овие односи константната темна основа добива значење на еден безконечен фонд на кој што еднаш се одвива пред нашите очи драмата на галаксиите, другпат драмата на човековата егзистенција. Во поглед на изразот понекогаш Хаџи — Бошков е орфички стегнат и музикален, понекогаш Хартунговски занесен од можностите на гестот, но секогаш близок до една своја суштина, што ја негува во својата скулптура а ја развива, еве и во овие седумдесет графички листови.

Глигор Чемерски